# БИМ а.д. СВЕТИ НИКОЛЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 год.
# на БИМ а.д. СВЕТИ НИКОЛЕ

**28.02.2014 год.**
**Св.Николе**

**Подносител,**
**Генерален директор**
**Дипл.екк. Ѓорги Стојанов**

**ВОВЕД**

Повеќе години наназад БИМ а.д. Свети Николе оставарува позитивни финансиски резултати, која традиција е продолжена и во 2013 година што значи дека и во 2013 година во БИМ а.д. се остварени позитивни финансиски резултати.Ваквото позитивно работење раководниот тим во БИМ а.д. Свети Николе успеа да го оставари и во услови кога владее криза во целокупната светска економија која повеќе е изразена во помалите држави како што е нашата држава.

Но ако ги иземеме објективните околности во кои работеше и функционираше друштвото, посебно карактеристично за работењето на БИМ а.д.Св.Николе би ги издвоил следните моменти и настани за работењето на БИМ а.д. Свети Николе во текот на 2013 година. Имајќи ја во предвид старата и неконкуретна опрема со која работеше друштвото заклучно со 2012 година, на предлог на Одбор на директори, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 25.04.2013 година донесе Одлука да се инвестира износ од сса 800.000,00 еур во денарска противвредност за набавка на нова опрема во Погонот за производство на битуменски изолациони материјали и Погонот за производство на Полимер модифициран битумен. Набавката на опремата ја извршивме на крајот на 2012 година. Со цел да се избегне нарушувањето на континуитетот на производството, демонтажата на старата опрема и монтажата на новата опрема ја извршивме во зимниот период односно некаде до средината на месец март. До овој период ја продававме залихата на готовите производи која беше произведена во есенскиот период во 2012 година.

Производството на готови проиводи со новата опрема ја започнавме во втората половина на месец март. Во почетокот на проиводството, при пуштање на новата современа, компјутеризирана опрема имавме нормално вообичаено почетни проблеми при употребата на новата опрема, при што имавме и застои во производството како и понекогаш нарушување на квалитетот на готовите производи.

Ваквата ситуација доведе до тоа да во првата половина од годината работиме и завршиме со негативни финансиски резултати.

Меѓутоа во втората половина од годината го стабилизиравме производството со што го обезбедивме и континуитетот на продажбата, а исто така и се створи можност на пазарот да работиме со нешто повисоки продажни цени од цената на чинење на производството, што придонесе да и во вака лоша и инвестициона година оствариме позитивни финансиски резултати, редовно да исплаќаме плати на вработените, редовно ги исплаќаме давачките кон државата и оствариме и добивка.

Морам да одбележам дека добар дел од добивката и тоа поголемиот дел во износ од сса 17.000.000,00 ден. произлегува од наплата на старите побарувања од минатите години, а останатиот дел е резултат на тековното работење.

Финансиските показатели од областа на финансиското работење во овој извештај ќе ги изнесам на еден синтетички, симплифициран начин при што ќе ги одбележам само најосновните финансиски показатели, како и сите економски индикатори (показатели) за успешноста на работењето на едно друштво.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Финансиската состојба ја согледуваме преку оствареniot вкупен приход, кој за 2013 година изнесува 338.846,878 ден.

Вкупниот приход со 92,4% ги покрива вкупните трошоци, а останатиот дел останува на бруто добивката, односно на добивка пред оданочување и пред изготвување на даночниот биланс, и е со вредност од 23.954.445 ден.

По намалување за данокот на добивка на непризнаени расходи со вредност од 205.396 ден. Останува дека БИМ а.д. оствил нето добивка во вредност од 23.749.049 ден.

Ова превенствено е резултат на наплатата на старите побарувања.

Исплатената бруто плата за 2013 година изнесува 21.861.556 ден.

Исплатента нето плата за 2013 година има вредност од 14.939.609 ден.

По основ на исплатената нето плата и просечниот број вработени по часови работа, 69, добиена е просечната месечна плата во износ од 18.308, ден.

Извршниот директор за 2013 година има примено нето плата во износ од 677.899 ден.

На членовите на Одборот на директори исплатена е награда во вкупен бруто износ од 159.476 ден.

Врз основа на одлуката за стекнување на сопоствени акции со откуп, донесена на Собранието на акционери на 25.04.2013 год. БИМ а.д. Свети Николе во текот на 2013 год. има купено 88 акции и заедно со стекнатите (купени) акции во претходниот период изнесуваат 308 сопствени акции.

Нивната номинална вредност изнесува 1.919.456 денари,

со тоа што нивното учество изнесува 3,03 % во главнината. За нив е платено вкупно вредност од 3.045.950 денари.

Состојбата на БИМ а.д. во изминатата 2013 година се согледува и преку пресметаните показатели за оценките на бонитетот кои се дадени со следните параметри:

## ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

### Степен на финансиска стабилност

Степенот на финансиската стабилност пресметан како однос на капиталот и вкупната пасива изнесува:

- за 2009 година...................... 93,47 %
- за 2010 година...................... 93,49 %
- за 2011 година...................... 95,00 %
- за 2012 година...................... 96,30 %
- за 2013 година...................... 91,72 %

Показателот за финансиската стабилност од 91,72 % на ден 31.12.2013 година укажува на тоа дека финансиската стабилност на крајот од годината задоволува, финансиски сме стабилни бидејки капиталот во вкупната пасива, во вкупните извори на средства, има големо учество , т.е. учество со прилично голем процент.

**Степен на самофинансирање**

Степенот на самофинансирањето пресметан како однос на капитал плус долгорочните резервирања и материјални и нематеријални средства плус залихите изнесува:

- за 2009 година.......................171,81 %
- за 2010 година.......................172,84 %
- за 2011 година....................... 186,43 %
- за 2012 година........................154,87 %
- за 2013 година....................... 119,11 %

Показателот од 119,11 % укажува на тоа дека степенот на самофинансирање задоволува бидејки изворите на средствата се поголеми од материјалните средства плус залихите.

**Степен на кредитна способност**

Степенот на кредитна способност пресметан како однос на капиталот плус долгорочните резервирања плус долгорочните обврски и нетековни средства изнесува:

-за 2009 година..........................564,99 %
-за 2010 година..........................583,11 %
-за 2011 година..........................669,37 %
- за 2012 година......................... 570,10 %
-за 2013 година..........................345,12 %

Показателот од 345,12 % укажува на тоа дека на 31.12.2013 год. сме биле добро кредитно способни, бидејки изворите на средствата се поголеми од постојаните средства за 245,12 %, процент кој е завиден со својата големина.

**Степен на задолженост**

Степенот на задолженост пресметан како однос на вкупните обврски и трајниот капитал изнесува:

-за 2009 година........................... 6,44 %
-за 2010 година........................... 6,50 %
-за 2011 година........................... 4,98 %
-за 2012 година...........................3,62 %
-за 2013 година........................... 8,92 %

Степенот на задолженост на 31.12.2013 година задоволува бидејки обврските се помали од изворите на средствата и тоа помали со доста голем процент.

Степенот на задолженост го согледуваме и преку односот на побарувањата од купувачите и вкупните обврски спрема добавувачите и тој изнесува:

-за 2009 година.........................237,15 %
-за 2010 година.........................244,37 %
-за 2011 година.........................524,62 %
-за 2012 година........................ 313,80 %
-за 2013 година.........................168,56 %

Показателот од 168,56 % укажува на тоа дека на 31.12.2013 година задолженоста задоволува бидејќи побарувањата се поголеми од обаврските за 68,56 % .

## Л И К В И Д Н О С Т

### Тековна ликвидност

Тековната ликвидност како однос на тековни средства минус залихите и краткорочните обврски на 31.12.2013 година изнесува и тоа:

-за 2009 година......................... 756,44 %
- за 2010 година..........................754,86 %
- за 2011 година...................... .1.030,67 %
- за 2012 година...................... 1.042,60 %
- за 2013 година...................... 267,87 %

Тековната ликвидност искажана со показател од 267,87 % укажува на тоа дека таа задоволува бидејќи обртните средства не само што ги покриват краткорочните обврски туку се и поголеми .

### Општа ликвидност

Општата ликвидност пресметана како однос на вкупните тековни средства и краткорочните обврски на 31.12.2013 година изнесува и тоа:

-за 2009 година .........................1.385,34 %
-за 2010 година .........................1.381,24 %
-за 2011 година..........................1.812,42 %
-за 2012 година..........................2.368,70 %
-за 2013 година ......................... 897,00 %

Од претходните показатели за ликвидноста воопшто заклучуваме дека задоволува повеќе години и тоа со високо ниво.

## П Р О Д У К Т И В Н О С Т

Продуктивноста посматрана како однос на вкупно остварениот обем на производство и просечниот број вработени по часови на работа по години изнесува:

-за 2009 година ..........................237,70 тони
-за 2010 година ..........................188,20 тони
-за 2011 година...........................326,60 тони
-за 2012 година...........................250,70 тони
-за 2013 година ..........................296,16 тони

Продуктивноста во 2013 година е згилемена во однос на претходните години, со исклучок на 2011 год. каде продуктивноста е поголема. .

## Е К О Н О М И Ч Н О С Т

Економичноста пресметана како однос на вкупниот приход и вкупните трошоци изнесува и тоа:

-за 2009 година ..........................103,46 %
-за 2010 година ..........................104,40 %
-за 2011 година...........................109,16 %
-за 2012 година...........................104,60 %
-за 2013 година ..........................107,60 %

Показателот од 107,60 % укажува на тоа дека економичноста како индикатор за успешност во работењето задоволува бидејки се остварил поголем приход по основ на направени трошоци.

## Р Е Н Т А Б И Л Н О С Т

Рентабилноста претставува степен на користење на средствата со кои сме располагале и таа пресметана како однос на бруто добивката и деловните средства (активата) изнесува и тоа:

-за 2009 година .......................... 4,10 %
-за 2010 година .......................... 4,52 %
-за 2011 година...........................17,66 %
- за 2012 година............................ 4,90 %
-за 2013 година ......................... 8,24 %

Показателот од 8,24 % укажува на поголем степен на рентабилност, односно користење на расположивите деловни средства со што е добиена и бруто добивка.

## ОБРТ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Обртот на обртни средства пресметан како однос на вкупниот приход и тековните средства изнесува и тоа:

-за 2009 година ..........................1,47
-за 2010 година ..........................1,28
-за 2011 година..........................2,45
-за 2012 година.......................... 1,34 обрти
-за 2013 година ..........................1,59 обрти

Показателот за обртни средства од 1,59 обрти укажува на тоа дека имало можности да се профитира , што се потврдува и со остварената добивка.

## ПРОФИТНА СТАПКА

Профитната стапка пресметана како однос на нето добивката и капиталот изнесува и тоа:

-за 2009 година .......................... 4,16 %
-за 2010 година .......................... 4,77 %
-за 2011 година..........................18,49 %
-за 2012 година.......................... 5,00 %
-за 2013 година .......................... 8,90 %

Профитната стапка за 2013 година од 8,90 % укажува на профитабилност што се потврдува и со остварената добивка.

Претходно дадените параметри кои воедно ја даваат оценката за бонитетот на фирмата, укажуваат на добро и успешно работење, остварен е вкупен приход кој ги покрива вкупните трошоци и остварува добивка.

Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали, акционерско друштво БИМ Св. Николе

Генерален директор
Дипл. екк Горги Стојанов